

## Александар Стеванов

**За добрите работи надалеку се слуша. За квалитетот на тутунот кој што се одгледува на македонската земја се знаело дури до Америка и тоа пред повеќе од еден век.**

За добрите работи надалеку се слуша. За квалитетот на тутунот кој што се одгледува на македонската земја се знаело дури до Америка и тоа пред повеќе од еден век.

Во весникот St. Paul daily globe, од 7 мај 1887 година (стр. 15), пишува:

**"...Во татковината на големиот Македонец - Александар, расте најквалитетниот тутун во светот."**

Во американскиот весник The Columbus journal, во статија (стр. 7) од 13 октомври 1909 година (како и во уште неколку други весници), за квалитетот на македонскиот тутун пишува:

"Кажано е од страна на еден патник дека најдобриот тутун за цигари во светот доаѓа од Македонија, дека најдобриот тутун (кога воопшто се работи за тутунот) во европските цигари доаѓа од Македонија, и дека кога не доаѓа од Македонија лажат дека доаѓаат од таму."



Good Tobacco.

It is asserted by a traveler that "the best cigaret tobacco in the world comes from Macedonia; that the best tobacco (when it is tobacco at all) in European cigaretts comes from Macedonia, and that when it does not come from Macedonia it is said to come from there."